


## Фејсбук статус на Христијан Мицкоски, претседател на ВМРО-ДПМНЕ (Видео)

На 28.11.2020 Зоран Заев изјави дека македонскиот јазик и македонскиот идентитет не се на маса за преговори. Тој повторно во стилот на своето колнење рече дека никаде во светот не се преговара за идентитет и за свој мајчин јазик. Дополнително тврдеше дека Бугарија ја признава реалноста за македонскиот јазик и македонскиот идентитет.

Заев рекол, Заев порекол. Не помина ниту една недела, а Заев го демантираше Драги Георгиевски од Комисијата за историски факти помеѓу Бугарија и Македонија. Тој на 4.12.2020 потенцира дека од бугарска страна употребата на придавката „македонски“ е лимитирана целосно, без разлика како тоа е запишано во договорот кој го потпишал Заев, и без разлика како се толкува договорот од наша страна.

Требаше да помине само една недела за лагата на Заев да се делигитимира. Заев преговарал за идентитетот и тоа е факт.

Само еден ден потоа на 5.12.2020 Зоран Заев лично кажа дека придавката македонски му е веќе ПРОДАДЕНА!

Заев кажа: - Кога зборувате за македонските учебници, кога зборувате за македонската историја, кога зборувате за Македонски Брод… инсистираат да биде историјата на Република Македонија… секаде така.

Зоран Заев се откажа и го продаде сето а она што тврдеше дека е загарантирано. Заев ги продаде темелите на државата.

Заев ја распродава Македонија.

Оставка на Заев, слобода на народот!

https://www.facebook.com/MickoskiHristijan/posts/1740001206175331